# Обраќање на Павле Трајанов
# на V-от Конгрес на Демократскиот сојуз
# (20.03.2016 година)

Почитувани делегати, драги гости, екселенции,
претставници на медиумите, граѓани на Македонија
Добредојдовте на нашиот Конгрес.
Ве поздравувам сите Вас и **посакувам** успешна работа на V-от Конгрес на Демократскиот сојуз.

Честитки за 16 години од формирањето на Демократскиот сојуз, партија која е гласна, партија која за сите клучни прашања има свој став и решенија.

На почетокот сакам да објавам дека овој Конгрес на Демократскиот сојуз е предвесник на ПРОМЕНИТЕ кои ќе се случат на предвремените парламентарни избори.

**Демократскиот сојуз**, заедно со други политички партии и граѓански асоцијации, но и поединци со висок професионален и човечки кредибилитет, на претстојните избори **очекува голема поддршка**.

Определбата на граѓаните за **нова политичка сила** ја прифаќаме и поддржуваме, затоа ДС ќе биде дел од таа сила, **која има и човечки потенцијал**, и **програмски определби за промени**, за раскрстување и **демонтажа на еднопартизмот** и олигархиската елита во Македонија.

Почитувани,
Демократскиот сојуз е партија која силата ја црпи од граѓаните, партија која бранува, партија која секогаш своите ставови ги гради поаѓајќи од националните и државни интереси.
Досега во Демократскиот сојуз се вклучија над 30.000 членови, со јасна определба, да́ се менуваат работите во позитивна насока.

Демократскиот сојуз, стана силен, цврст и препознатлив политички субјект. Нашите ставови предизвикуваат силни, да не речам тектонски раздвижувања... Обидите на некои да не скршат, да не замолчат, да не маргинализираат, пропаднаа.

Колку повеќе не притискаат, толку повеќе сме единствени и **цврсто** определени да градиме решенија и да ги движиме и менуваме работите.

Политичката криза предолго трае и има сериозно негативно влијание во сите области.

Нашиот став е јасен и чист како солза**: "Креаторите на кризата, мораат и ќе платат висока цена".**

**Сите тие треба да заминат од политичката сцена.**

Пред да се реализираат препораките на **Прибе, на Европската Комисија**, на **нашите определби искажани во јавноста**, знаеме дека нема услови за фер, демократски и кредибилни избори.

Избирачкиот список мора да се растерети од фантомските гласачи, медиумите треба да се ослободат од стегите на Владата, партиите на власт да се одвојат од државата. **Тоа е црвената линија**, тоа е **мажино линија, од која не отстапуваме**. Тоа се битни предуслови за учество на изборите.

Ние сме подготвени за избори, но **не сме луди** да учествуваме во **"наместен натпревар"**, каде волјата на граѓаните, не може да се канализира во кредибилни пратенички мандати.

Почитувани,

Без почитување на правото, без создавање на еднакви можности и шанси за сите, без политички амбиент и правна сигурност, без економски развој, и натаму, **младите ќе заминуваат во странство**. Во Источниот дел, но и во цела Македонија, имаме "пустош", нема движење, нема врева, нема детска смеа и џагор.

Во една прилика **Премиерот бил во Виница да отвора Фабрика**, при што пред да се обрати прашал, **каде се луѓето**, а еден граѓанин дофрлил **„ сите заминаа во Италија".**

Ете тоа е реалноста во Македонија и затоа **ќе се бориме, таа слика да се смени**, младите, најкреативните, да останат овде, да градат модерна и европска Македонија.

Пораката дека тие пред нас **само краделе**, **а дека сегашните крадат и градат**, е само парадигма во каков амбис сме сите пропаднати.
Политичката сцена е како **гладијаторска арена**, каде противникот се "удира" се додека дава знаци на живот ( и кога е нокаутиран).
Сите ние нè изградивме култура на меѓусебно почитување и разбирање. Не изградивме култура да градиме консензус за виталните државни прашања.
Дали е проблем да имаме заедничка платформа за реформи за влез во ЕУ и НАТО?
Дали е проблем да изградиме платформа за надминување на спорот со Грција?
Дали е проблем да сме сите за меѓуетничка толеранција и соживот, за унитарниот карактер на државата?
**Не сигурно тоа не е проблем**, само ако имаме малку **демократско** и **државничко однесување** и чувство за одговорност.
Или како е можно криминалот да биде **само кај нас вредносна категорија** и криминалците да ги **штити власта**, **обвинителството**, **судот**...како е можно **Уставниот суд да создава законски** предуслови да бидат **помилувани криминалци** кои ги кршеле изборните правила, вршат тероризам, или биле вклучени во наркобизнис, или пак **да бидат помилувани педофилите**.

Почитувани,
Сосема е сигурно дека **сé** неможе да се постигне за кус период, но по 25 години, ако и натаму сме со најнизок животен стандард, ако имаме неслободни медиуми, ако олигарсите, тајкуните и тие што се на власт се богатат, ако во праксата имаме авторитарно владеење, ако партијата на власт одлучува за се, тогаш сосема е јасно дека од кризата можеме да излеземе само со **ПРОМЕНИ, ПРОМЕНИ преку воспоставување на ПРАВДА во државата** и создавање на основни предуслови за РАЗВОЈ И ПРОГРЕС.

Почитувани,
Само со длабоки системски реформи и јасно дефинирање на одговорноста на премиерот и министрите, можно е да се менуваат работите. Судскиот систем е без кредибилитет и затоа предлагаме **реизбор на сите судии** и **обвинители**, вклучително и на судиите од Уставниот суд.

До консолидација на судскиот систем, даваме **целосна поддршка на Специјалното јавно обвинителство**, во расчистувањето на сомнежите за тешките облици на криминал и злоупотреба на системите за прислушување, како и кршењето на основните човекови права и слободи.

Сите тие кои ја злоупотребиле власта, богатството стекнато на криминален **начин мора да го ВРАТАТ НА ГРАЃАНИТЕ** (конфискација) и да им се **забрани политичко дејствување од најмалку 10 години. Забраната за политичко дејствување ќе важи откако претходно ќе отслужат во "бизнис центарот" во Идризово.**

**Демократскиот сојуз инсиситира на целосно расчистување на афератата за најмасовно прислушување,за злоупотреба на информациите добиени на нелегален начин со загрозување на приватниот живот, рекетирање на бизнисмени и јавни личности.**

Има судени за идеите на ВМРО, **тоа се херои**, но во последните 10 години има многумина **судени во времето на владеење на ВМРО-ДПМНЕ**, само заради тоа што биле политички противници. Тоа мора да се исправи, треба ревизија на сите овие случаи.

Во Изборната програма на ДС, врвен приоритет е даден на обезбедување на одржлив економски развој, воведување на нови технологии, изедначување на условите за стопанисување на странските и домашните компании.

Кога сме кај странските инвестиции, битно е да нагласиме дека овде **монопол има Владата**. Без амин на Владата никој не може да донесе странска инвестиција.

Во Македонија можеш да бидеш **добар бизнисмен само ако си близок со власта, успешен адвокат исто така, добро платен уметник , архитект и вајар, можеш да бидеш само ако работиш за власта.**

Сите тие работи сакаме да ги промениме, сакаме **најспособните да имаат шанса**, а не партиските војници, кои разулавени газат се пред себе.

Почитувани граѓани,

Нема развој ако не се води сметка за стандардот на граѓаните, затоа предвидуваме тој да се подобри. Ќе обезбедиме **најниска плата од 300 евра**, најниска пензија од 200 евра и социјална помиш од 100 евра.
Предлагаме Парламент од 90 пратеници, двојно намалување на бројот на министри и намалување на бројните агенции, регулаторни тела, како и **целосно укинување на репрезентацијата на функционерите.**
Администрацијата е целосно партизирана, гломазна, неефикасна и осакатена. Овде предвидуваме вработување, **согласно јасни критериуми**: време на чекање за работа, постигнат успех при школувањето, како и рејтингот на универзитетот на кој дипломирале (согласно Шангајската листа).
За студентите кои ќе дипломираат предвидуваме година дена практична работа во компании и администрација, со надоместок од 10.000 денари и платено здравствено осигурување. На овој начин голем број компании ќе имаат можност да ангажираат млади луѓе, со идеи и знаење и сигурно дека дел од нив ќе ги задржат на работа.

Само ако имаме **Фонд** за изградба на станови и куќи, ако обезбедиме добри **услови за живот во село** и ако младите имаат шанса **добро да заработат**, можно е да се зголеми **наталитетот**.

Во регионот сите напреедуваат, само ние стагнираме и полека ги губиме нашите стратешки партнери.
Затоа и натаму, наш врвен приоритет е влез во ЕУ и НАТО. Тоа е моторна сила која државата ја движи напред.
Мораме да **градиме добри односи** со соседите.

Мигрантската криза покажа колку е важно да имаме соработка и со ЕУ и со САД, но пред се со соседите. Оваа криза може да предизвика хуманитарни и безбедносни проблеми, затоа мораме да бидеме претпазливи и единствени.

Преку гасификација и изградба на топлификациони системи, ќе го сочуваме шумскиот фонд и ќе обезбедиме Македонија да биде почиста.

Но сакам посебно **да нагласам** дека отсекогаш сме воделе сметка за секој човек, затоа мислиме дека и **малите работи** се многу важни во животот, како што се почитта и вниманието.

Почитувани,

Денес, за Изборната програма ќе зборуваме поопширно.

Дозволете ми само уште неколку работи да нагласам.

Подолго време сме сведоци на вознемиреност и неизвесност кај граѓаните.

Над 50% од граѓаните се за промени, тие се подготвени да ја дадат **довербата на чесни, способни и луѓе кои ќе бидат посветени на работата**, на развојот на нашата држава. Но, **двете најголеми партии** промовираат тези дека **сите сме исти**, и дека се ќе биде како и досега, дека ништо нема да се промени.

Ве уверувам, **ако не се случат промени**, грабежот ќе продолжи и сиромаштијата ќе биде се поприсутна.

Од ова говорница, на V-от Конгрес на Демократскиот сојуз, **порачувам " НЕ СМЕ СИТЕ ИСТИ"**. Ние немаме друга држава, овде сакаме да работиме и создаваме.

Почитувани,

Ќе има промени, **ЌЕ ГИ СПОИМЕ ИСКУСТВОТО И МЛАДОСТА** и Македонија ќе биде пристојно и посакувано место за живеење. **Во Македонија ќе владее правото** и законите ќе важат подеднакво за сите.

Не е се изгубено, **Ве повикувам да се здружиме**, да се обединиме, да направиме **Коалиција со граѓаните**, да направиме пресврт, **да ги победиме тие** кои однапред се прогласуваат за победници.

**Само со НОВА ПОЛИТИЧКА СИЛА**, ќе се отворат перспективи за подобар и помирен живот.

Македонија ќе биде **стабилна и модерна Европска држава.**

Да сте живи и здрави сите!

Да живее Демократски сојуз!

Да живее и да биде вечна Македонија!